Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-268/4

25-04-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-268/1 од 3.3.2025 година поднесена од , со адреса на живеење на ул. , против Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Кичево, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 7.4.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Кичево, врз подносителката

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-268/1 од 3.3.2025 година од страна на подносителката врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, а против Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Кичево (понатаму „**ЦСР Кичево**").

Подносителката на претставката наведува дека се пријавила на оглас за вработување бр. 03/2024 објавен од страна на Центарот за социјална работа Кичево. Таа посочува дека рокот за пријавување во претходниот оглас бр. 02/2024 изнесувал три дена, додека во огласот бр. 03/2024 истиот изнесувал пет дена од денот на објавување. Таа смета дека постапката била спроведена спротивно на законот. По завршување на сите фази од постапката, добила известување од ЦСР Кичево дека не ја поминала административната селекција, без да ѝ биде дадена можност за поднесување на приговор. Во таа насока, подносителката наведува дека таа сепак на ден 29.1.2025 година поднела приговор до ЦСР Кичево, од причина што навремено ја доставила бараната документација во рок од 3 дена по објавувањето на огласот бр. 03/2024. Понатаму, од страна на ЦСР Кичево до подносителката бил доставен Одговор на приговорот со арх. бр. 04-10/27, во кој било наведено дека институцијата постапила согласно член 212 став 15 од Законот за социјална заштита, кој предвидува дека за кандидатот за кој при административна селекција се утврди дека не ги исполнува условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува. Во продолжение, подносителката наведува дека Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас за исполнетоста на условите утврдени во јавниот оглас за вработување во ЈУ Центар за социјална работа – Кичево не ја известила во рок од 5 дена дека не ја поминала административната селекција, туку тоа го направила после направеното интервју. Дополнително, посочува дека кон нејзината апликација приложила и документ издаден од Централен регистар, кој подоцна не бил пронајден во архивата на ЦСР Кичево. Подносителката исто така укажува дека ѝ било јавно соопштено дека работното место било однапред наменето за лице со албанска етничка припадност.

<u>Во прилог на претсавката беше доставена следната документација:</u>

1. Претставка поднесена до Државен инспекторат за труд во Кичево
2. Одговор на приговор со бр. 04-10/27 од 31.1.2025 година
3. Уверение за неосудуваност со бр. КР-5082/24 од 26.12.2024 година

4. Пријава за работно место од ЦСР Кичево со бр. 04-10/2
5. Известување со бр. 04-10/16 од 27.1.2025 година
6. Комерцијален оглас објавен во Нова Македонија од 26.12.2025 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 7.3.2025 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Кичево, заведено под архивски број 08-268/2.

На ден 19.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката, од страна на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Кичево, заведено под архивски број 08-268/3.

Од страна на Центарот за социјална работа – Кичево е наведено дека јавниот оглас за вработување бил објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", со јасно наведени општи и посебни услови за пријавување. Во таа насока, посочено е дека за работното место психолог, за кој аплицирала подносителката, како и за другите 6 објавени работни места, не бил предвиден посебен услов кандидатот да биде од албанска или македонска етничка припадност. **Оттука, наведено е дека еден од условите во огласот бил да се достави уверение/потврда дека кандидатот нема забрана за вршење на професионална дејност од Основен суд или од Централен регистар. Подносителката, во прилог на пријавата, приложила документ од Основниот суд Кичево, со кој се потврдувало дека против неа не се води кривична постапка и дека не е осудувана. ЦСР Кичево оценило дека ова не претставува доказ за исполнување на конкретниот услов од огласот, поради што, согласно член 212 став 15 од Законот за социјална заштита, постапката на селекција завршила без право на жалба и без спроведување интервју.** Известувањето за оваа одлука било доставено до подносителката на денот кога била донесена одлуката за избор или неизбор на кандидатите. Дополнително, ЦСР Кичево ја информира Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека на ден 3.3.2025 година за истиот предмет бил извршен увид во целосната документација од страна на Државниот инспекторат за труд, при што не биле пронајдени никакви неправилности.

<u>Во прилог на Произнесувањето беше доставена следната документација:</u>
1. Записник од спроведената административна селекција на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас за исполнетоста на условите утврдени во јавниот оглас за вработување во ЈУ Центар за социјална работа – Кичево со бр. 04-10/10, одржан на 14.1.2025 година
2. Јавен оглас бр. 3/2024 од ЈУ ЦСР Кичево
3. Пријава за работно место од ЦСР Кичево со бр. 04-10/2 и приложените документи кон истата

Видно од приложениот Записник од спроведената административна селекција на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас за исполнетоста на условите утврдени во јавниот оглас за вработување во ЈУ Центар за социјална работа – Кичево со бр. 04-10/10, произлегува дека 4 кандидатки, вклучувајќи ја и подносителката, имале неуредна пријава. Од причина што кандидатките , , , и имале уредна пријава, за истите било одл ено да бидат повикани на интервју.

Земајќи ги предвид наводите и доказите од претставката, наводите и доказите од произнесувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не

станува збор за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Кичево врз подносителката , согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

**Во таа смисла, член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја забранува секоја дискриминација врз основа на *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е исполнета погоре цитираната законска дефиниција за дискриминација, односно подносителката на претставката не стори веројатно дека постои причинско-последична поврзаност меѓу постапувањето на надлежниот орган и етничката припадност на подносителката. Во таа насока, постапувањето на надлежниот орган во делот на административната селекција и понатамошниот тек на постапката за вработување, не укажува на нееднаков, селективен или пристрасен третман во однос на другите кандидати. Имено, согласно член 212 став 15 од Законот за социјална заштита („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019), кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува. Оттука, несомнено е дека подносителката приложила уверение од Основниот суд во Кичево со кое се потврдува дека против неа не се води кривична постапка и дека не е осудувана, но согласно јавниот оглас, еден од наведените услови бил да се достави уверение/потврда дека кандидатот нема забрана за вршење на професионална дејност, издадено од Основен суд или од Централен регистар. Од приложените докази не произлегува дека бил доставен соодветниот документ од Централен регистар. Подносителката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не достави ниту докази со кои би се сторило веројатно нејзиното тврдење дека работното место било однапред наменето за лице од одредена етничка припадност.**

Согласно горенаведното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Димко Бејзароски

Доставено до:

-
- ЈУ Центар за социјална работа, ул. „Санде Штерјоски" бр.13, 6350 Кичево



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk